Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-719/3
23-12-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-719/1 од 06.12.2024 година, во која како подносител е наведена политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, со седиште на Плоштад ВМРО, број 1 во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми, од страна на Али Ахмети, претседател на политичката партија Демократска унија за интеграција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-719/1 од 25.11.2024 година поднесена од политичката партија ВМРО – ДПМНЕ, со седиште на Плоштад ВМРО, бр.1 во Скопје, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 25.11.2024 година на електронската адреса на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **Комисијата**) беше поднесена електронска форма на претставка за заштита од дискриминација од страна на политичката партија ВМРО - ДПМНЕ, заведена под број 08-719/1, против Али Ахмети – претседател на политичката партија Демократска унија за интеграција (ДУИ), за сторена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиумите.

Во поднесената електронска форма на претставката наведено е дека истата претставува пријава за говор на омраза изразен од страна на Али Ахмети, претседател на политичката партија ДУИ кој во свое обраќање на настан во Швајцарија испратил расистичка и националистичка порака која предизвикувала поделби и омраза меѓу етничките групи во Република Северна Македонија. Именуваниот според наводите изјавил "без Албанците, Македонија нема иднина" што според подносителот не само што ја поткопува етничката еднаквост и коегзистенција, туку и промовира опасни националистички ставови кои можеле да предизвикаат етнички конфликти. Во контекст на говорот според наводите, Али Ахмети ја критикувал актуелната власт нарекувајќи ја националистичка што доведувало до натамошно разгорување на тензиите меѓу различните етнички заедници. Вакви изјави според подносителот се недозволливи и опасни и водат кон длабоки поделби и дискриминација, што е спротивно на темелните принципи на демократијата и еднаквоста за сите граѓани независно од нивната етничка или верска припадност. Воедно се наведува дека Али Ахмети изјавил "Мицкоски не може да формира влада без легитимитет од Албанците"

што можело да се сфати како закана за етничката припадност на политичките претставници и било поттик за дополнително влошување на односите меѓу етничките групи.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: *податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.* Дополнително, согласно член 15 став (4) од Деловникот за работа на Комисијата *"Претставката во писмена форма може да биде доставена по пошта, непосредно во просториите на Комисијата или по електронски пат"*. Во согласност со став (7) од истиот член на Деловникот, *"Доколку претставката е примена по електронски пат, без електронски потпис на подносителот, истата се зема во работа, а Комисијата презема активности за потврдување на идентитетот на подносителот со негово повикување во просториите на Комисијата или на друг соодветен начин, без предизвикување на непотребни трошоци за подносителот"*.

Имено, во контекст на наведеното, а земено предвид дека во електронската форма на претставката поднесена до Комисијата недостасуваат податоци за подносителот, односно податоци за овластеното лице за поднесување на претставката, Комисијата на 29.11.2024 година се обрати до политичката партија ВМРО – ДПМНЕ со барање за доставување на податок дали наведената политичка партија, односно овластено лице на истата е подносител на предметната претставка со архивски број 08-719/1 од 25.11.2024 година. По ова на 05.12.2024 година по електронски пат пристигната е електронска порака до Комисијата, заведена со архивски број 08-719/2, во која е наведено дека политичката партија ВМРО – ДПМНЕ не е подносител на предметната претставка.

Со оглед на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје,
19.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Политичка партија ВМРО - ДПМНЕ, Плоштад ВМРО, бр. 1, Скопје
- Архива на КСЗД